РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3436/2
29-12-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 57-та седница одржана на ден 17.12.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметите со број 12-3430/1 и 12-3436/1, двата од 17.09.2021 година, оформени по доставена пријава за прекршување на забраните од Изборниот законик за време на Локални избори 2021, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК утврди дека наводите од пријавите не се потврдуваат.

Предметите со број 12-3430/1 и 12-3436/1, двата од 17.09.2021 година, да се затворат и архивираат.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 17.09.2021 година, поднесени се пријави со иста содржина за прекршување на забраните од Изборниот законик за време на Локални избори 2021 за што се оформени предметите број 12-3430/1 и 12-3436/1, двата од 17.09.2021 година.

Во пријавата подносителот укажува на сомневање за незаконитости во работењето на градинката „-------------------" во -------------------. Имено, во пријавата се наведува дека во кујната во градинката наместо за децата се приготвува храна и се дели во монтажна барака позади општината за социјални случаи со што се врши поткуп на гласачи за престојните избори. Во продолжение се наведува дека од така приготвената храна им се дава на децата во градинката, а не според утврдените листи од Министерството за труд и социјална политика, а потоа се носи со комбе и се дели позади општината секој ден од 13 или 14 часот. Дополнително, се наведува дека храната ја подготвуваат повеќе лица, во несоодветни услови со што се изложува на ризик здравјето на децата кои ја посетуваат градинката.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, ДКСК побара од Министерство за труд и социјална политика - Сектор за инспекциски надзор над примената на законските и другите прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата да изврши инспекциски надзор во однос на наводите

од пријавата, особено во однос на тоа дали соодветствуваат количината на храна која се набавува - бројот на оброци кој се подготвува со бројот на деца кои ја посетуваат градинката и со прилог записник да ја извести ДКСК за констатираната состојба и евентуално преземените мерки.

Од страна на министерството е добиен одговор за извршен вонреден инспекциски надзор, со прилог записници, со кој известува дека е извршен вонреден инспекциски надзор во просториите на градинката, како и во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје – Служба за услуги и права од парична помош на подрачје на Општина --------------------. Врз основа на извршениот координиран вонреден инспекциски надзор не се утврдени неправилности во работата на ЈОУДГ „ ----------------" во ---------------------- и констатирано е дека корисниците на правото на гарантирана минимална помош, односно корисници на правото на користење на народната кујна од територијата на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје – Служба за услуги и права од парична помош на подрачје на Општина ----------------------- се издвоени посебно при приготвувањето на оброците за што се предвидени посебни средства за таа намена.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: м-р В.Г., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**